РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 23.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1380/1 | 0 | |


ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, по скратена постапка

Скопје, февруари 2026 година

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Ѓорѓија Сајкоски



2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" број 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија" број 44/1990, 11/1991, 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 51/23, 65/23, 51/24 и 272/24), се уредува исплатата на платите и одделни надоместоци кај работодавачите со седиште во Република Северна Македонија. Притоа, одредбите на овој закон, не се однесуваат на работодавачите кај кои повеќе од 51% од средствата се во приватна сопственост.

Со донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. бр. 113/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/23) со која се укина дуализмот на правните норми и се овозможи пресметка на платите на избраните и именуваните лица на начин што основицата за пресметување на платите се множи со утврдениот коефициент, при што за основица се зема просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика. Ваквото регулирање предизвикува зголемување на платите на избраните и именуваните лица и значајна дискрепанца во однос на останатите плати во Републиката.

Од овие причини се предлага донесување на овој закон.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, се изменуваат коефициентите за пресметка на плата на начин што ќе обезбеди правична и одржлива законска регулатива при исплата на платите и ќе се спречи натамошниот непропорционален раст на нивните плати. Ќе се постигне поголема транспарентност, правична распределба на буџетските средства, при што платите на функционерите ќе се усогласат со реалните економски услови во државата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 36/1990 и „Службен весник на Република Македонија“ број 44/1990, 11/1991, 38/1991, 23/1997, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/23, 65/23, 51/24 и 272/24), членот 12 се менува и гласи:

„Коефициентите за утврдување на надоместокот на плата и на платата изнесуваат од 1,54 до 3,17.“.

Член 2

Во членот 13 коефициентот „3,47 “ се заменува со коефициентот „3,17“.

Член 3

Во членот 14 коефициентот „3,08 “ се заменува со коефициентот „2,81“.

Член 4

Во членот 15 коефициентот „2,85“ се заменува со коефициентот „2,60“.

Член 5

Во членот 16 коефициентот „2,62“ се заменува со коефициентот „2,39“.

Член 6

Во членот 17 коефициентот „2,47“ се заменува со коефициентот „2,25“.

Член 7

Членот 17-в се менува и гласи:

„Коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на Град Скопје изнесува од 1,90 до 2,60.

Коефициентите од ставот 1 на овој член се определуваат според бројот на жителите и тоа:

1. за градоначалник на општина до 10.000 жители, коефициент 1,90;
2. за градоначалник на општина од 10.001 до 25.000 жители коефициент 2,03;
3. за градоначалник на општина од 25.001 до 50.000 жители, коефициент 2,25 и
4. градоначалник на општина со над 50.000 жители коефициент 2,39.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на Град Скопје изнесува 2,60.

Градоначалниците кои функцијата ја вршат волонтерски, имаат право на надоместок на плата во висина од 30% од соодветниот износ во ставот 1 на овој член.

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.“.

Член 8

Коефициентите од членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со исплата на платата за месец февруари 2026 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, содржи 9 члена.

Со членот 1 се уредени новите коефициенти за утврдување на надоместокот на плата и на платата.

Со членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се уредени новите намалени коефициенти за утврдување на платата и на надоместокот на плата на избраните и именуваните лица.

Со членот 8 се уредува примената на одредбите.

Со членот 9 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

### II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

### III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се постигне поголема транспарентност, правична распределба на буџетските средства, при што платите на функционерите ќе се усогласат со реалните економски услови во државата.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 12

Коефициентите за утврдување на надоместокот на плата и на платата изнесуваат од 1,69 до 3,47.

Член 13

Коефициентот за утврдување на плата за претседател на Република Македонија, претседател на Собранието и претседател на Владата, изнесува до 3,47.

Член 14

Коефициентот за утврдување на плата за претседател на Уставниот суд на Република Македонија и потпретседател на Собранието изнесува 3,08.

Член 15

Коефициентот за утврдување на плата на член на Владата, претседател на работно тело на Собранието, судија на Уставниот суд на Република Македонија, гувернер на Народната банка на Република Македонија, државен правобранител на Македонија, народниот правобранител, секретар на Собранието и секретар на Владата, изнесува до 2,85.

Член 16

Коефициентот за утврдување на плата на заменик министер, директор на републичка организација, раководител на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, советник на претседателот на Република Македонија, секретар на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, републички советник во Собранието, заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија, заменик на секретарот на Собранието, државен правобранител во Државното правобранителство на Македонија, заменик на народниот правобранител, изнесува до 2,62.

Член 17

Коефициентот за утврдување на плата на раководен работник кој го именува Собранието или кој го назначува надлежното тело на Собранието, изнесува до 2,47.

Член 17-в

Коефициентите за утврдување на платите на градоначалниците на општините и за градоначалникот на Град Скопје изнесува од 2,08 до 2,85.

Коефициентите од ставот 1 на овој член се определуваат според бројот на жителите и тоа:

1. за градоначалник на општина до 10.000 жители, коефициент 2,08;
2. за градоначалник на општина од 10.001 до 25.000 жители коефициент 2,23;
3. за градоначалник на општина од 25.001 до 50.000 жители, коефициент 2,47 и
4. градоначалник на општина со над 50.000 жители коефициент 2,62.

Коефициентот за утврдување на платата на градоначалникот на Град Скопје изнесува 2,85.

Градоначалниците кои функцијата ја вршат волонтерски, имаат право на надоместок на плата во висина од 30% од соодветниот износ во ставот 1 на овој член.

Правата утврдени со овој закон им припаѓаат на градоначалниците од денот на нивниот избор до крајот на месецот во кој им престанал мандатот, ако со овој закон не е поинаку определено.